ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CUK.GOV.MK ▪ 195 ▪ CUK.MAIL@CUK.GOV.MK

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**МАЈ – ЈУНИ 2019**



## Работилница “Родова перспектива во намалувањето ризици од катастрофи”





**На 22.05.2019 година во конферецискaта сала на хотелот Континентал во Скопје се одржа работилница на тема “Родова перспектива во намалувањето ризици од катастрофи” во рамките на ИПА ДРАМ Проектот (Disaster Risk Assessment and Mapping).**

**На работилницата присуствуваа проф. д-р Лидија Георгиева од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, г-ѓа Анита Коџоман, раководител на Оддел за енергија, животна средина и намалување на ризици од катастрофи при УНДП, Даниела Јованова и Габриела Маџоска од Министерството за труд и социјална политика, претставници на Владините институции, Градот Скопје, општините од подрачјето на Скопскиот регион, ЦУК и РЦУК – овите од Скопскиот регион.**

**Оваа работилница има за цел да укаже на потребата за родова вклученост во управувањето со ризици од катастрофи; да укаже на важноста и потребата од родово разделени податоци во процесот на процена на ризиците и планирањето на мерки, активности и ресурси за превенција и одговор при катастрофи; преку меѓуресорска соработка и споделување на сознанија и искуства да се зајакнат капацитетите за управување со ризици.**

## Тематска работилница за Проектот за градење на капацитети за екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR) преку одржливо управување со шумите



**ЦУК, 13.05/2019 - Во рамките на “Проектот за градење на капацитети за екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR) преку одржливо управување со шумите во Република Македонија”, поддржан од Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија на ден 06.05.2019 година одржана е тематска работилница која претставува продолжение на повеќегодишната проектна соработка која се реализира помеѓу ЦУК и институциите од Шумарскиот сектор, од една страна и Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија.**

**Тематската работилница претставува сеопфатна, стручна и експертска дебата посветена на Националната правна рамка од областа на шумарството, со цел да се согледаат сите потребни предуслови за законско врамување на концептот за Еко-ДРР преку мултифункционалната искористеност на шумите со посебна нагласеност на нивните заштитни функции.**

**На работилницата со свои претставници учествуваа Центар за управување со кризи, експерти од тимот на ЈИЦА, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен испекторат за шумарство и ловство, Шумска полиција, ЈП Национални Шуми, УКИМ - Шумарски факултет, Министерство за животна средина и просторно планирање, ЈУЗПП Јасен, Град Скопје.**

**Преку овој проект во нашата земја ќе биде применет концептот на екосистемски-базирано намалување на ризици од катастрофи (Eco-DRR), со крајна цел да се намали интензитетот и фреквентноста на природни непогоди, како што се поројните поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата, кои во последните години предизвикуваат големи физички штети, социо-економски последици и доведуваат до тешка деградација на природната средина.**

**Основните резултати кои се очекува да бидат постигнати преку имплементацијата на овој проект се однесуваат на следните две области:**
**(1) Зајакнување на националните капацитети за координација помеѓу домашните релевантни институции во системот за управување со кризи преку надградба и проширување на функциите на постоечкиот Македонски информативен систем за шумски пожари – MKFFIS, со воведување на нови модули за превенција, рано предупредување и справување со поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата, и**
**(2) Подобрување во националното управување со шумите со воведување на нови практики и технологии со цел да се зајакне и прошири заштитната функција на шумите и преку тоа, на долгорочна основа да се намалат ризиците од природни непогоди, пред се од поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата.**

**Во имплементацијата на проектот од Македонска страна, покрај ЦУК, како партнери и соработници активно се вклучени институциите од областа на шумарството и животната средина, како што се ЈП Национални шуми, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Шумарскиот факултет при УКИМ и други.**

**Бидејќи во текот на имплементацијата на проектот ќе бидат спроведувани практични теренски активности за санација на високоризични локации, посебно место и улога ќе има и вклучувањето на Единиците на локалната самоуправа и Јавни претпријатија формирани од нивна страна, како и локалната зедница, односно граѓаните кои се директно изложени на ефектите од природните непогоди.**



**Со ваквиот концепт на имплементација, овој проект воведува еден сеопфатен пристап и широка инклузивност на сите засегнати страни, со што се очекува да се обезбеди висока одржливост на постигнатите резултати. Во таа насока, кога станува збор за оддржливоста на постигнатите резултати, а со тоа и заживување на Еко-ДРР концептот, како прва и неопходна работа е донесување на соодветна законска основа преку која надлежните институции ќе можат да спроведуваат меѓуресорски координирани активности за превенција и намалување на ризици од катастрофи.**

**Одржаниот форум обезбедува добра и квалитетна почетна дебата со цел да се идентификуваат потребните чекори за законско врамување на Еко-ДРР концептот во правната рамка од областа на шумарскиот сектор, како и потребната временска динамика за нивно спроведување.**



## Посета на студенти од Берншкиот Универзитет за применети науки на Центарот за управување со кризи

**На 20 мај 2019 година во Центарот за управување со кризи беше реализирана посета од страна на студенти од Берншкиот Универзитет за применети науки во рамките на соработката помеѓу УКИМ- Шумарски факултет од Скопје и Берншкиот Универзитет за применети науки кои во моментов работат на истражувања за пожарите на Балканот.**

**Во рамки на посетата на ЦУК на студентите од страна на раководителот на сектор за аналитика, процени и стратешко планирање д-р Стевко Стефаноски им беше презентирано функционирањето на Центарот и Системот за управување со кризи, а имаа можност да се запознаат и со Македонски информативен систем за шумски пожари (МКФФИС) кој беше изработен со Јапонската агенција за меѓународна соработка – JICA во периодот 2011-2014.**

## Обука за имплементација на ЕУ проекти за вработени во ЦУК



**Денес во просториите на Германското здружение за меѓународна соработка (ГИЗ) во Скопје, за вработените во Центарот за управување со кризи се одржа обука за имплементација на ЕУ проекти.**

**За реализација на обуката беше ангажирана Биргит Мелер - Интегриран експерт од областа на имплементација на ЕУ проекти.**

## Работилница за континуирано унапредување (Civil Military EmergencyPreparedness (CMEP) )



**Од 20 до 23 мај, во Домот на АРМ во Скопје се одржува Работилницата за континуирано унапредување планирана со програмата Civil Military EmergencyPreparedness (CMEP). Овој настан претставува континуитет во долгогодишната плодна билатералнасоработка на Република Македонија со Соединетите Американски Држави во разни сегменти на безбедноста и одбраната.**



**Оваа Работилницата е прва од серијата на работилници од областа на управувањето со кризи, предвидени за 2019 година со програмата за Цивилно воена соработка (ЦМЕП) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Агенцијата за одбранбено безбедносна соработка на САД, односно со Инженерискиот корпус на Армијата на Соединетите Американски Држави (US Army Corps of Engineers).**



**Целта на оваа работилница, каде сите заедно со наше крајно сериозно и синхронизирано ангажирање, врз основа на извршена анализа и евалуација на минатогодишната ТТХ вежба „Сеопфатен одговор – Водно 2018“,преку идентификација на добрите страни и на областите кои треба да се подобрат, во континуитет да ги унапредуваме националните цивилно-военикапацитети/способности и интер-институционалната координација и соработка присправувањето со природни или од човек предизвикани катастрофи, односно да се надминат одредени слабости и празнини и да се градат и одржуваат основни способности за успешно справување во случај на итни и кризни состојби, што вклучува подобрување на правната регулатива и стандардните оперативни процедури, подобрување на плановите за вежбовни активности предвидени за едукација и тренинг на човечките капацитети но и модернизирање на опремата.**

## ЦУК ги обучи вработените во ДЗС со апликацијата МКФФИС



Врз основа на барањето на Дирекцијата за заштита и спасување од страна на Центарот за управување со кризи беше извршена обука на вработените на ДЗС за работа со апликацијата за рано предупредување од шумски пожари „MKFFIS“ верзија 2 која се користи во моментов, како и со развојот на новата верзија МКФФИС верзија 3.

Покрај обуката во просториите на ЦУК, обука се одржа и во регионалните центри на ЦУК за вработените од подрачните единици ДЗС.

## Во ЦУК одржан работен состанок во рамките на “Програмата за регионална соработка на полето на управување со итни и кризни состојби“



**Во рамките на воспоставената трилатерална соработка помеѓу Република Северна Македонија, Република Албанија и Република Косово чија главна цел е имплементација на “Програмата за регионална соработка на полето на управување со итни и кризни состојби“, на ден 26.06.2019 година во Центарот за управување со кризи се одржа работен состанок на највисоките раководители г-дин Агрон Буџаку - директор на Центарот за управување со кризи и г-дин Фадил Кодра - директор на Агенцијата за управување со цивилни вонредни состојби на Република Косово. Во организација на Раководителот на трилатералната работна група г-дин Урим Вејсели, учествоземаа и останатите членовите на трилатералната работна група од Република Северна Македонија и Косово.**



**На состанокот учество земаа и претставниците од TURM Solutions – Germany: г-дин Ortwin Neuschwander – директор и г-дин Feliks Vainik – меѓународен менаџер за продажба, а од Министерството за внатрешни работи на Австрија учество зема г-дин Robert Stocker – раководител на Секторот за управување со кризи и катастрофи. Тие ја претставија платформата KATWARN која служи за информирање на популацијата за настанати инциденти и несреќи со цел ефикасна превенција. Оваа платформа е имплементирана во Геманија, Австрија и останатите европски земји и таа претставува безбеден и сигурен систем за прецизно информирање на евентуални ситуации на предупредување и загроѕеност на населението.**



**Воедно беа претсавени и новите можности за изнаоѓање поддршка во имплементација на Програмата од страна на г-ѓа Birgit Moller, интегриран експерт ангажиран во Центарот, а која се однесува на преземање мерки во областа на превенција, рано предупредување и управување со кризи; обезбедување помош во материјални добра, човечки потенцијал, експерти во одредени области и останати форми на помош во справување со итни состојби; помош при комуникација, координација и соработка за собирање, анализа и размена на информации; обука на персонал; планирање и изведување заеднички вежби; планирање, учество и имплементација на заеднички проекти.**

**На состанокот беше истакнато дека заедничките проекти претставуваат ефективен механизам за промовирање на регионалното водство, соработка, менторирање и зајакнување на регионалната доверба. Со тоа се обезбедува одлична можност за идентификување на нови приоди и можности за регионалните експерти на полето на управувањето со кризи.**

## Состанок на Општинскиот кризен штаб во Виница



**ЦУК, 15 Мај 2019 - Општинскиот кризен штаб презема превентивни мерки за заштита на имотите на граѓаните на Општина Виница.На иницијатива на градоначалникот на Виница, Ивица Димитров, Општинскиот кризен штаб одржа состанок на кој се разговараше за преземање превентивни мерки за спречување на евентуалните штети предизвикани од најавените обилни врнежи од дожд. Членовите на Општинскиот кризен штаб разговараа за подигање на готовноста на расположливите ресурси и преземање конкретни мерки за превенирање на штети од поголеми размери:**

**- Дирекцијата за заштита и спасување, ЦУК и ТППЕ да ја проверат техничката исправност на расположивите возила и материјално-технички ресурси;**

**- ЈКП "Солидарност" со сиот свој расположив капацитет да биде во фаза на подготвеност за брзо и ефикасно делување на терен во случај на поплави;**

**- Да се направи обиколка на речните корита во Општината, да се согледат ризиците и потребата од евентулно делување и расчистување на истите,**

**Истовремено, од Општинскиот кризен штаб ги информираат граѓаните сите опасности предизвикани од временските услови, да ги пријават на бесплатниот телефонски број 195, во Центарот за управување со кризи.**

## Состојба по обилните врнежи од дожд 16.05.2019

**Од ЕЛС-Радовиш известуваат дека во населените места: с.Воиславци и с.Сулдурци од поројните водотеци оштетени се пристапните патишта до станбените објекти. Во с.Јаргулица има оштетено две улици и излеано вода од речното корито на Радовишка река во атарот на с.Јаргулица и с.Покрајчево во правец на мостовите од селото кон магистралниот пат: Радовиш-Струмица. Од страна на ЕЛС-Радовиш, и ЈП„Плаваја" превземени се мерки за активности за санирање на последиците од поплавата, расчитување на наноси на подрачјето на Општината Радовиш и санирање на оштетени водоводни линии. Во текот на денот ќе биде вклучено и претпријатијето по склучен договор за санирање на штети-последица од невреме. Од ЕЛС Босилово известуваат дека пробиениот трап на река Струмица во атар на с.Турново е саниран со 2 багера. Излеана е вода на земјоделска површина на околу 250 декари.**

## Состојба по врнежите од дожд 17.05.2019

**Струмички регион - Од ЕЛС Конче известуваат дека по обиколката на теренот и увидот на лице место состојбата е следната: Заради зголемениот водостојот на реката Крива Лакавица дојдено е до излевање на реката при што има штети по земјоделско земјиште делумно незасадено со земјоделски култури. Повеќето суводолици и помали реки кои минуваат покрај локалните патишта и регионалниот пат Конче – Радовиш направиле големи наноси од камења и песок, додека суводолицата која поминува низ с.Ракитец има поплавено 5 стамбени објекти.**

**Механизацијата на ЈКП „Лакавица" ги расчистувала наносите со камења и песок на регионалниот пат Конче – Радовиш и по сите локални патишта на територијата на општината. Во текот на вчерашниот ден се вршело и прочистување на цевастите пропусти кој ги има на локалните патишта во општината, посебно на патот кој води до селата Долни и Горни Липовиќ. Градоначалникот заедно со раководителот на ЈКП „Лакавица" и членови од советот ги имаат посетено оштетените домаќинства и разгледани се можностите за помош.**

## Најава за нестабилно време

**ЦУК, 31.05.2019 - Според прогнозата на УХМР, под влијание на циклонска активност од Медитеранот во следните денови продолжува периодот на променливо и нестабилно време со пороен дожд и грмежи. Локално процесите ќе бидат поинтензивни, во форма на невреме со пообилни врнежи (над 20 л/м2), грмежи, засилен ветер и појава на град, особено денес попладне и во недела.**

**За ваквата временска прогноза Центарот за управување со кризи преку своите регионални центри, ги извести ЕЛС со цел да ги преземат сите потребни активности за превенција од евентуално излевање на реките и акумулациите.**
**Во случај на ризик или опасност предизвикани од временските услови, граѓаните можат да пријават на бесплатниот телефонски број за итни повици на Центарот за управување со кризи 195.**

**Апелираме до јавноста информациите за временската прогноза да ги следат исклучиво од УХМР, како официјални и релевантни информации, со цел да не се создава непотребна паника повикувајќи се и толкувајќи други непроверени извори на временски прогнози.**





## Состојба по обилните врнежи од дожд (до 22:00 ч. 17.06.2019)

**Кумановски регион - Територијата на опш.Куманово во период од 14:45 до 15:40 беше зафатена од пороен дожд кој направи проблем за собирање на водата во водеците и атмосферската канализација каде на повеќе места во централно градско подрачје и населбите Перо Чичо, Бабин Дол и Доброшане како и с.Брзак имало излевање на водата и поплавување. На телефонскиот број 195 од 15:20 до 22:00 часот имало 20-тина јавувања од граѓани за поплавени куќи, подруми од куќи, деловни простории, свлечилишта, непродни улици, запушени шахти и др. Исто така патот од с.Агино Село до с.Брзак патот не е прооден за моторни возила. Известени се ЕЛС Куманово и ДЗС Куманово.**

**Тетовски регион - На ден 17.06.2019 година во текот на попладневните часови, тетовскиот регион беше зафатен од невреме изразено со пороен дожд и ветер. Како резултат на тоа дошло до зголемување на водотеците особено во шарпланинските села. Во с.Порој е забележано зголемување на нивото на Поројска Река. Истата донела поголемо количество на камења, дрвја и кал. Но како резултат на тоа што речното корито во месец мај било исчистено од страна на ЕЛС Тетово, не дошло до запушување на мостот на патот Тетово - Јажинце и блокирање на истиот. Единствено непрооден бил патот кај млекарата ЕКО - Шар во с.Порој, но бидејќи функционални се двата дрвени мостови изградени неодамна, нема куќи што се отсечени и движењето на луѓе и возила е нормално. Веднаш од страна на ЕЛС Тетово на лице место бил испратен багер кој го расчистувал критичното место кај мостот на патот Тетово - Јажинце од двете страни. Надојдената Поројска река направила помал проблем и во с.Требош – опш.Желино. Од страна на ЈКП Желино веднаш на терен биле испратени два багери кои го исчистиле патот с.Цепчиште - с.Требош – Тетово и истиот е прооден, но има остатоци од кал. Движењето на возилата е со намалена брзина и отежнато. На останатите места не се забелажани проблеми освен во с.Бродец – опш.Тетово, каде што има мало излевање на вода и ситни камења на патот но истиот е прооден.**

**Битолски регион - Невремето кое на ден 16.06.2019 година го зафати Битолскиот регион предизвикало одредени штети врз земјоделските површини со пченка, пченица, бостан, пипер и др. Упатен е повик до граѓаните да ги пријавуваат штетите до општинската комисија во ЕЛС Битола. За тоа колкави се штетите и површините зафатени од невремето информации после завршувањето на пријавувањето и увидот на општинската комисија на замјоделските површини.**

## Состојба по обилните врнежи од дожд до 12:00 часот 18.06.2019

**Кумановски регион - Во текот на вчерашниот ден (17.06.2019), територијата на општина Куманово во период од 14:45 до 15:40 беше зафатена од пороен дожд кој направи проблем за собирање на водата во водеците и атмосферската канализација. На повеќе места во централно градско подрачје и населбите Перо Чичо, Бабин Дол и Доброшане како и с.Брзак имало излевање на водата и поплавување. На телефонскиот број 195 од 15:20 до 22:00 часот имаше 20-тина јавувања од граѓани за поплавени куќи, подруми од куќи, деловни простории, свлечилишта, непродни улици, запушени шахти и др.**

**Тетовски регион - Во текот на вчерашниот ден (17.06.2019), во попладневните часови, тетовскиот регион беше зафатен од невреме изразено со пороен дожд и ветер, при што дојде до зголемување на водотеците особено во шарпланинските села. Во с.Порој е забележано зголемување на нивото на Поројска Река, која донела поголемо количество на камења, дрвја и кал. Од страна на ЕЛС Тетово на лице место багер го расчистуваше критичното место кај мостот на патот Тетово - Јажинце од двете страни. Надојдената Поројска река направила помал проблем и во с.Требош – опш.Желино. Имало излевања на реката во долниот дел кај село Требош општина Желино. Од општината Желино веднаш по невремето се испратени два багери кои направиле насипи и не е дојдено до поголеми штети од излевањето, а по контактот со ЕЛС Желино, засега нема пријавено штети од обработливите површини, а комисија од општината излезена е на лице место за согледување на штетите и превземање на понатамошни мерки на заштита. Во останатите места посебно кај шароланинското село Бродец каде што по патот имало надојдено камења и кал, истиот е прооден за сообраќај. Од општините Тетово и Желино и денеска ќе излезат на терен на критичните точки земање на превентивни мерки.**

**Битолски регион - Во текот на вчерашниот ден (17.06.2019), општината Демир Хисар беше зафатено од невреме проследено со силен дожд, електрични празнења, силен ветер и на места од ситен град. Во мометот сеуште без напојување со електрична енергија се корисниците од селата: Бабино, Мало Илино, Големо Илино и Базерник.Во општина Крушево заради дефект на електро мрежата без електрична енергија се дел од градот Крушево и селата: Долно Дивјаци, Горно Дивјаци, Арилево и Пуста Река. Невремето кое на ден 16.06.2019 година го зафати Битолскиот регион предизвика одредени штети врз земјоделските површини со пченка, пченица, бостан, пипер и др. Упатен е повик до граѓаните да ги пријавуваат штетите до општинската комисија во ЕЛС Битола. За тоа колкави се штетите и површините зафатени од невремето информации после завршувањето на пријавувањето и увидот на општинската комисија на замјоделските површини.** **(продолжува стр. 7)**

# СОСТОЈБА ПО ОБИЛНИТЕ ВРНЕЖИ ОД ДОЖД

**Велешки регион - На територијата на општините Неготино и Демир Капија во текот на вчерашниот ден имаше врнежи од дожд пропратен со ветер и прекини со снабдувањето со електрична енергија во Неготино со околните села, а исто така и во Демир Капија. Во моментов снабдувањето со електрична енергија е нормализирано. Подрачјето на општина Кавадарци на ден 17-06-2019 година од 15,00 часот беше зафатено со интензивни врнежи од дожд со силни електрични празнења и се предизвикани следните последици: прекин во снабдувањето со електрична енергија на селата Глишиќ, Марена и Сопот. Екипи на ЕВН работат на отстранување на дефектот, потоа поплавување на подрум во индивидуален станбен објект во село Ваташа, каде интервенираа ТППЕ Кавадарци. Од поројните води на неколку локации има наноси со камења, кал и друг материјал на ул. Страшо Пинџур во Ваташа, а екипи на ЈП Комуналец Кавадарци денес 18-06-2019 година го отстрануваат наносот од улицата. Во општина Кавадарци од жители на ул Трибор пријавено е оштетување на телевизори и друга бела техника**

## Состојба по обилните врнежи од дожд до 08:00 19.06.2019




**Велешки регион - Невремето проследено со град што во попладневните часови на ден 17.06.2019 година го зафати регионот на општина Кавадарци, направи штети кај лозјата на патот кон Тиквешко Езеро. Штети се регистрирани во месностите „Ума” и „Шамаци”, а оштетени се околу 60 хектари земјоделска површина. Виновите лози биле зафатени со град со големина на лешник, кој интензивно паѓал околу 15 минути.**

**Кумановски регион - Како резултат на невремето кое го зафати реонот на Куманово на ден 17.06.2019 година во попладневните часови, имало излеавање и поплавување во центаралното градско подрачје и населбите: Перо Чичо, Бабин Дол, Доброшане и с.Брзак. Екипите на ЈП Водовод и канализација и ТППЕ Куманово сеуште работат на испумпување на атмосферска вода и на одзатнување на шахти како и испумпување на вода од подрумски простории на стамбени и деловни објекти. Во текот на денот 18.09.2019 година, на телеонски број 195 од страна на граѓаните биле пријавени следните штети од невремето: поплавени дворни места, семејни куќи, гаража, патнички автомобил и др.**

## Состојба по врнежите од дожд до 08:00 21.06.2019

**Скопски регион- Во текот на вчерашниот ден (20.06.2019), од 18:00 часот на клучката Матка, сообраќајот бил пренасочен поради поројни врнежи од дожд кои донеле поголема количина на вода, и при кое е формирано езеро на самиот коловоз. Од страна на РЦУК Скопје известени се Македонија Пат, ЈП „Водовод и Канализација“ и ЕЛС Сарај на кои им е пренесена информацијата за понатамошно проследување и отстранување на проблемот. Исто така, за да се острани паднато дрво на патот Ново Село – нас.Даме Груев (опш.Ѓорче Петров), биле известени ЈП „Паркови и Зеленило“.**

**Струмички регион - На ден 20.06.2019 година, во периодот од 13:30 до 14:30 часот општините Радовиш и Конче биле зафатени од обилен дожд и ситен град. Нема поголеми проблеми во комуналната сфера.**

**Тетовски регион - Во општина Гостивар, во попладневните часови силен дожд го зафатил градот, поради што, на повеќе места во градот ТППЕ Гостивар вршеле испумпување на вода од подрумски простории.**

## Состојба по врнежите од дожд до 08:00 22.06.2019

**Струмички регион - На ден 20.06.2019 година, во периодот од 13:30 до 14:30 часот, поради краткотрајните обилни врнежи од дожд, подрачјето на опш.Радовиш беше зафатено со обилни врнежи од дожд, пропратени со град кои предизвикаа зголемени наноси на материјал на неколку улици во градот претежно по патната инфраструктура. По извршениот увид од страна на службите од опш.Радовиш и ЈП „Плаваја“ превземени се мерки за санирање на настаните од невремето како во населенеото место с.Калуѓерица така и во градот.**

**Штипски регион - Поради обилните врнежи од дожд ТППЕ – Кочани мала две интервенции за испумпување на вода во фабриката Хартија и во ресторант кај градските гробишта**

## Состојба по врнежите од дожд до 08:00 25.06.2019

**Струмички регион - Од ТППЕ Радовиш известуваат дека во текот на вчерашниот ден, во попладневните часови опш.Радовиш била зафатена од невреме со поројни врнежи и грмежи, а во близина на просториите на ТППЕ Радовиш имало удар од гром при што телефонските линии се оштетени. Во с.Ораовица од наврнатиот дожд кај едно лице има поплавено бавча, нива и дел од куќа.**

## Состојба по врнежите од дожд до 08:00 26.06.2019

**Битолски регион - Од ТППЕ Прилеп известуваат дека во текот на вчерашниот ден, во период од 09:25 до 14:40 часот, интервенирале на испумпување на вода од индустрискиот објект Мартекс.**

**Струмички регион - На ден 24.06.2019 година, во попладневните часови опш.Радовиш била зафатена од пороен дожд, пропратен со град и грмотевици кои предизвикале наноси на песок и кал на неколку улици во градот и населените места, претежно по патната инфраструктура. ТППЕ Радовиш интервенирала на 7 поплавени домови од кои 6 во градот Радовиш и 1 во с.Ораовица. Исто така ТППЕ Радовиш има претрпено штета поради удар на гром во близина на објектот на фиксната и кабловската мрежа, односно бројот за интервенции е оневозможен се до санирање на штетата од страна на стручна екипа. Има дефект на канализационата цевка и нејзино излевање. Во тек е санирање на истата од страна на ЈП „Плаваја“ Радовиш. Исто така, во тек е прибирање на пријави за настанати штети на домови и земјоделски култури од страна на населението во опш.Радовиш. Во опш.Конче излеана е реката Крива Лакавица кај селата Долни и Горни Липовиќ каде има поплавено земјоделски површини. Во текот на денешниот ден ќе се направи увид во целокупната ситуација. Во опш.Василево во текот на вчерашниот ден се пријавувани штети од невремето што ги зафати населените места Доброшинци, Нова Маала и Висока Маала. Опш.Василево во текот на денот е одржана вонредна седница на совет со цел формирање комисија за проценка на штетата и превземање на мерки за санација на истите.**

**Кумановски регион - Има дојава од ул.Михајло Пупин во Куманово, за проблеми со канализацијата на нивната улица кој редовно се запушува при секое поинтензивно паѓање на дожд. За овој проблем известени се одговорните лица од опш.Куманово за решавање на овој проблем.**

Почувствуван земјотрес од населението во Скопје и околината

Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 04.05.2019 година во 05:58 часот регистрирше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 11 km источно од Скопје и потекнува од скопското епицентрално подрачје. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 2.5, а беше почувствуван од населението во Скопје, Илинден, Кадино и околината со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.

Почувствуван земјотрес од населението во Пехчево

ЦУК, 26.06.2019 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 24.05.2019 година во 19:29 часот регистрирше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 5 km северозападно од Пехчево. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 2.7, а бил почувствуван од населението во Пехчево, Берово и околината со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала.

Ноќеска почувствуван земјотрес од населението на Охрид

ЦУК, 09.06.2019 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, ноќва во 02 часот и 10 минути регистрирше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 4 km западно од Охрид. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 2.4, а беше почувствуван од населението во Охрид и околината со интензитет од III степени според Европската макросеизмичка скала

Почувствуван земјотрес кој потекнува од охридското епицентрално подрачје

ЦУК, 15.06.2019 - Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на 14.06.2019 година во 2 часот и 20 минути регистрирше земјотрес чиј епицентар се наоѓа на 140 km југозападно од Скопје и потекнува од охридското епицентрално подрачје.Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 3.8, а беше најсилно почувствуван во југозападниот дел од Републиката, и тоа најсилно од населението во Охрид и Струга со интензитет од V степени според Европската макросеизмичка скала. Во Ресен со интензитет од IV-V степени, во Битола, Кичево, Крушево и Дебар со IV степени, во Прилеп со интензитет од III-IV а во Скопје, Гостивар и Тетово со интензитет од III степени според истата скала.

Почувствуван земјотрес од населението на Охрид и околината

**ЦУК, 30.06.2019 - Од сеизмолошка опсерваторија известуваат дека телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Валандово, Охрид, Штип и Пехчево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на ден 29.06.2019 г. во 15:01 часот регистрирше земјотрес, чиј епицентар се наоѓа 180 km југозападно од Скопје во соседна Албанија и потекнува од епицентралното подрачје Корча. Неговата Рихтерова магнитуда изнесува 4.7, а беше почувствуван од населението во Охрид и околината со интензитет од IV степени, Битола и околината со интензитет од III, според Европската макросеизмичка скала. Во останатиот дел на Македонија земјотресот беше почувствуван со интензитет II степени од истата скала.**

**Бактериолошки неисправни води**

**ЦУК, 01.05.2019 - Од ЦЈЗ Охрид известуваат за неисправни води за пиење докажани на ден 23.04.2019 година и тоа во подрачје на опш.Дебарца се селата; Врбјани, Годивје, Арбиново, Издеглавје, Оздолени, Слатино и Слатински Чифлиг не е исправна за користење и се препорачува перманентно хлорирање. Од ЦЈЗ Кичево известуваат за бактериолошки неисправни води за пиење со зголемена матнотија во следните села: Долно и Горно Строгомиште, Букојчани, Мидинци, Црвевци и Тајмиште.**

**Превентивна дератизација во општините Новаци и Могила**

**ЦУК, 10.05.2019 - Од ЦЈЗ - Битола известуваат дека на ден 06.05.2019 година, од страна на нивни екипи ќе се врши првата фаза од превентивната систематска дератизација т.е. поставување на отровни мамци за уништување на глодари(глувци), во општините Новаци и Могила. Со дератизацијата ќе бидат опфатени: подземниот канализациски систем во с.Новаци и с.Могила, прифатниот канализационен систем на инфестирани објекти од посебен јавен интерес во двете општини, и јавната депонија „Мегленци".**

**Превентивна дератизација на подрачјето на општина Прилеп**

**ЦУК, 10.05.2019 - Од ЦЈЗ Прилеп известуваат дека во периодот од 13.05 до 30.05.2019 година, на територијата на Општина Прилеп, нивни екипи ќе ја спроведуваат првата фаза од превентивна систематска дератизација. Дератизацијата ќе се изведува со користење на отровни мамци (родентициди), а предмет на третирање ќе биде подземниот канализационен систем на градот и градската депонија во месноста – Алинци.**

**Авионско прскање против комарци на подрачјето на Скопје**

**ЦУК, 11.05.2019 - Од Град Скопје – Сектор за комунални работи известуваат дека на ден 11.05.2019 година, во раните утрински часови ќе се изврши првата фаза од авионската дезинсекција на подрачјето на Град Скопје, против ларви од комарци. Доколку временските услови не го дозволат вршењето на дезинсекцијата, истата ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин.**

**Проверка на системот за тревожење и сирените во Окта**

**ЦУК, 11.05.2019 - Од Рафинерија ОКТА известуваат дека согласно планираните активности на ОКТА, редовната техничка проверка и контрола на исправност на системите за тревожење и сирените, која ќе се состои од емитување Знак за воздушна опасност, Знак за радиолошко хемиска – биолошка опасност, Знак за опасност од елементарни природни непогоди и други несреќи и Знак за престанок на опасноста, ќе се изврши на ден 11.05.2019 година, во 12:00 часот.**

**Предупредување за можност од паѓање на карпа кај с. Бањани**

**ЦУК, 22.05.2019 - Од РЦУК Скопје известуваат дека на ден 21.05.2019 година е добиена дојава дека кај с.Бањани поточно на кривината која што води кон викенд населбата има карпа која што на горниот дел е одвоена околу 20 цм и постои опасност од нејзино паѓање. За настанатата состојба известени се ЕЛС Чучер Сандево.**

**Дезинсекција од земја против комарци во Битола и околината**

**ЦУК, 11.06.2019 =- Од ЦЈЗ Битола известуваат дека во периодот од 19:00 до 02:00 часот, во деновите од 11.06.2019 година до 18.06.2019 ќе врши дезинсекција од земја против комарци.**

**Теристичката дезинсекција на подрачјето на Штип**

**ЦУК, 12.06.2019 - Од ЕЛС Штип известуваат дека ќе спроведат теристична дезинсекција со цел уништување на комарците. Запрашувањето ќе се врши во периодот од 02:00 до 06:00 часот наутро, со апаратура за УЛВ ладно запрашување. Со дезинсекцијата ќе бидат опфатени зелените површини во општина Штип, подрачјата по течението на реките Брегалница и Отиња, застојни води и подрачја околу каналниот систем на трериторијата на општината, урбаните населби и локалитети. Во случај на неповолни временски услови (ветер, дожд) дезинсекцијата се одложува за следниот поволен ден.**

**Бактериолошки неисправни води**

**ЦУК, 19.06.2019 - Од ЦЈЗ Битола известуваат дека на подрачјето на општина Демир Хисар бактериолошки неисправни се водите за пиење од селските водоводи во населените места Вардино, Света, Единаковци, Бараково, Граиште. Примероците се земени на ден 12.06.2019 година со потврдена неисправност на ден 17.06.2019 година во лабораториите на ЦЈЗ Битола.**

## РЦУК Струмица добитник на признание на одбележувањето на Денот на пожарникарството



На 20.05.2019 година, во кругот на ТППЕ Струмица беше одбележан Денот на пожарникарството со свечено дефиле на сите вработени и присутни гости.

На свеченоста беа доделени плакети и благодарници на институциите кои непрекинато и несебично соработуваат со ТППЕ Струмица: Градоначалникот и претседателот на Советот на општина Струмица, МВР Струмица, Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Црвен Крст - Струмица, како и на вработените по повод 30 години непрекината работа во ТППЕ Струмица и истакнати пожарникари.
Со оваа признание уште еднаш се потврдува добрата соработката помеѓу РЦУК Струмица и институциите од витално значење на локално ниво.

На свеченоста беше презентирана и донираната хидраулична опрема со која се изведе показна вежба за спасување на повредени од автомобил при сообраќајна несреќа.

Билтен на Центарот за управување со кризи
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. cuk.mail@cuk.gov.mk